Врз основа на член 86, став 1, точка 5 од Законот за банките и член 59, став 1, точка 4 од Статутот на Централна кооперативна банка АД Скопје, Собранието на акционерите на Банката, на Седницата на Годишното собрание, одржана на 27.5.2026 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

за употреба и распоредување на остварената добивка во 2025 година

**Член 1**

Остварената добивка по оданочување во 2025 година во висина од 10.774.596,00 денари се распоредува како што следува:

- 5% од добивката во износ од 538.730,00 денари се распоредува во задолжителна општа резерва и
- 10.235.866,00 денари се распоредува за инвестициски вложувања – реинвестирана добивка којашто Банката ќе ја користи во 2026 година.

Добивката којашто се распределува за инвестициски вложувања ќе се употреби за развојни цели и инвестиции во материјални и нематеријални средства за проширување на основната дејност на Банката.

**Член 2**

Оваа одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

**СА бр. 0201 – 03**
**27.5.2026 год.**
**С К О П Ј Е**

**Претседавач,**
**г. Смилен Цинцарски**

Централна кооперативна банка АД * Скопје *